ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

**Од**
**Фонд за здравствено осигурување**
**на Македонија**

**До**
**Фонд за здравствено осигурување**
**Подрачна служба ______________**

**Предмет:** Известување

**Дата: 16.12.2014 година**
09-21063/2

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме допис бр. 09-21063/1 од 16.12.2014 година за измените во содржината на биохемиските лабораториски анализи кои може да ги препорача избраниот лекар со ЛУ 1 образецот .

Се задолжува раководителот на подрачната служба дописот ВЕДНАШ да го проследи до сите приватни здравствени установи на подрачјето на Вашата општина, кои имаат склучено договор за дејноста општа медицина, како и приватни здравствени установи од дејноста биохемиски лабораториi .

Изготвил: Јасмина Смилевска

**Сектор за правни работи**
**ВД Директор**
**Даниела Јовческа Ѓуроска**

[1] 09-21063/2 [2014]

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

09-21063/1

**Од**
**Фонд за здравствено осигурување**
**на Македонија**

**До**
**-ЈЗУ**_____________________

**- ПЗУ општа медицина**
_____________________

**-ПЗУ биохемиска лабораторија**
_____________________

**-Фонд за здравствено осигурување**
**Подрачна служба**_____________

**Дата: 09.12.2014 година**

**Предмет**: Известување

Почитувани,

Ве информираме дека во содржината на биохемиските лабораториски анализи кои може да ги препорача избраниот лекар со ЛУ 1 образецот направени се следните измени:

1. Според договорот за примарна здравствена заштита за 2014 година, една од новите специфични цели кои ќе ги вршат избраните лекари во текот на 2014 и 2015 година е целта на превенција и рано откривање на шеќерната болест (dijabetus mellitus) на осигурени лица на возраст од 14 до 65 години.

За остварување на оваа цел дополнет е Упатот за биохемиски лабораториски услуги по упат на избран лекар " Образец ЛУ 1 " во делот на глуциден статус ( БА4).

2. Пациентите со веќе дијагностицирана примарна хипотиреоза кои се на соодветна доживотна супституциона терапија согласно упатствата на медицина заснована на докази, треба да се следат еднаш годишно на ниво на примарна здравствена заштита. Со тоа упатувањето на пациентите со веќе дијагностицирана примарна хипотиреоза, ставени на тиреосупституциона терапија за понатамошно следење на ефикасноста на терапијата еднаш во годината ќе се врши на примарно ниво.

Избраните лекари еднаш годишно треба да ги упатат со ЛУ-1 образец за одредување на вредноста на TSH (тиреостимулирачки хормон) и доколку истата се движи од 0,4-4,5μU/ml, избраниот лекар ја пропишува тиреосупституционата терапија. Меѓутоа првичното дијагностицирање на болеста и одредување на терапија и понатаму го прави специјалист/субспецијалист, додека избраниот лекар

ќе продолжи да ја следи ефикасноста на терапијата и истата ќе ја пропишува доколку вредноста на тиреостимулирачкиот хормон (TSH) е во рамките на наведената граница. Во случај кога вредноста е надвор од оваа граница, избраниот лекар го упатува осигуреното лице на повисоко ниво на здравствена заштита (специјалист/ субспецијалист) за дополнителни испитувања и евентуална промена на терапијата.

За таа цел е направена измена во образецот Лабораториски упат- 1 и тоа:

-Лабораторискиот упат ЛУ1 е дополнет со задолжително внесување на шифра на дијагноза по МКБ10,

- Биохемиските лабораториски испитувања се означуваат електронски, пред печатење на Лабораториски упат-1 ( ЛУ 1 образец)

-Воведено е поле за задолжително внесување на e-majl адеса на избраниот лекар, со цел биохемиската лабораторија да ги достави резултатите и до избраниот лекар

- Додадено е испитување на гликолизиран хемоглобин ( HbA 1 C) со шифра на услугата БА 4/3 за кое се упатуваат само пациенти со воспоставена дијагноза dijabetus mellitus,

- Додадено е одредување на нивото на тиреостимулативниот хормон (TSH) со истовремени измени во делот на правата на избраниот лекар од дејноста општа медицина, за упатување за испитување на тиреостимулативен хормон (TSH) со шифра на услугата БА 11/16 за кое се упатуваат пациенти само со воспотавена дијагноза на примарна хипотиреоза.

Исто така со проширување на ЛУ-1 Образецот, односно со вклучување на одредување на гликолизиран хемоглобин ( HbA 1 C) и тиреостимулативниот хормон (TSH), потребно е биохемислата лабораторија која ќе ги врши овие анализи во тимот да има лекар специјалист по медицинска биохемија. За таа цел на веб сраницата на Фондот на линк ќе бидат објави лекарите специјалисти по медицинска биохемија кои работат во здравствени установи–лаборатории што имаат склучено договор со Фондот .

Измените на Лу 1 образецот во делот на внесување на дијагноза, електронско обележување на биохемиските лабораториски испитувања, како и внесување на e-majl адреса на избраниот лекар, ќе се применуваат од 01.01.2015 година.

Додека испитувањето на гликолизиран хемоглобин ( HbA 1 C) и одредување на нивото на тиреостимулативниот хормон (TSH), веќе се во примена.

Со почит

Изготвил: Јасмина Смилевска
Д-р Ана Петрова
Бранислава Катушевска
Согласен: Бранко Аџигогов
Даниела Јовческа Ѓуроска

**Директор,**
**М-р Маја Парнарџиева - Змејкова**

**Директор,**
**Џемали Мехази**
**Xhemali Mehazi**